Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
СКОПЈЕ
Примено: 05-09-2019
Орг. Един. | Број: 03-89/3 | Прилог: | Вредност:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
УП1 бр. Nr 14-858 04.09.2019
Скопје - Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Безбедност на Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Безбедност на Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола се обрати со барање бр. 03-294/1 од 04.04.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-858 од 16.04.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Безбедност на Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-52/3 од 29.03..2019 година издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-858 од 19.04.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 07.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-858 од 14.06.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Безбедност на Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti